**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 март 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,12 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, да ги заземат своите места, затоа што за една минута почнуваме со седницата.

Продолжуваме со работа по 34-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдуљади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Александар Спасеноски, Оливер Шамбевски, Радмила Шеќеринска, Владо Бучковски, Даут Реџепи, Мендух Тачи, Арбен Џафери и Љубчо Георгиевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 9. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

За збор се јави господин Јани Макрадули, повелете, имате збор.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Ова се однесува на амандманот што го поднесовме со колешката Верица Филипова, да појаснам дека нашата заложба, а рековме и вчера како СДСМ ние го поддржуваме континуитетот на реформите во енергетиката, вчера и цитирав дека Европската комисија изрази позитивни ставови во однос на тоа што е направено во процесот на електроенергетскиот сектор. Меѓутоа, сметаме дека фали транспарентноста и фалат критериумите во овој закон. Овој амандман се обидува тоа да го бајпасира или тоа да го дорече во законот. Имено, амандманот се однесува на дефинирање на јасни и транапарентни критериуми за снабдување на електрична енергија на тарифните потрошувачи. Инаку, во интерес на јавноста би сакал да појаснам дека МЕПСО и така согласно законот има обврска да ги снабдува тарифните потрошувачи приклучени на преносната мрежа и за нив важат регулирани цени, дефинирани од регулаторната комисија, така што и 5% од количините да мора да ги добива од МЕПСО, мора и тие да бидат јасно и прецизно дефинирани и однапред познати, за да задоволат Европската директива 54-2003.

Она што овој амандман треба да го реши, е таа транспарентност на критериумите, бидејќи амандманот ќе понуди и увид во реалната потрошувачка, просечно, годишно што ги имаат тие компании или потрошувачи. Инаку, досега тие ги пријавуваат своите потреби за потрошувачка во рамките на електроенергетскиот биланс, а тоа се прави заедно со ЕЛЕМ како независен субјект, но за жал, тие се само индикативен критериум кај потрошувачите, а за МЕПСО се обврска за набавка на електрична енергија, која што најчесто е од увоз и освен она ЕЛЕМ што ќе го произведе, сепак овие компании често не се придржуваат на тие количини. Затоа, МЕПСО треба да има увид колку количини треба да набави и добро е однапред да се знае колкава количина ќе се набавува и во кој процент ќе се распределува рамномерно, реков, согласно европските директиви кон сите тие потрошувачи. Затоа, оној процент што ќе остане за да го увезуваат тој е поврзан и со вториот амандман, мора да им оставиме простор и можност да видат кои количини ќе ги добиваат од МЕПСО, а колку количини треба да набават од слободниот пазар односно од увоз. За да не ги доведеме, реков и вчера, компаниите во ситуација да останат затечени, бидејќи дефинитивно до 1 април оваа процедура не може да биде завршена. Не се дефинирани пазарните правила, не може супермен да е некој од дирекорите на тие големи потрошувачи, утре да се пушти во процес на наоѓање на струја на слободниот пазар, бидејќи кризата не е само во регионот, туку е во цела Европа. Имено, да потсетам дека Македонија во ноември кога побара преку тендер набавка на 100 мегавати електрична енергија, сите заедно што се јавија да понудат струја, условно да кажам, беше од прилика 35 мегавати. Се плашам дека некои компании ако не се договорат со МЕПСО или ако не се “подобни” за МЕПСО, тогаш нивниот процес на производство може да трпи, а со тоа се оди на штета на целата држава, но си оди на штета на исполнување на високите стандарди што ги наметна оваа Влада за растот на индустриското производство. Лошо е, дали е тоа спрема домашните инвеститори, или спрема странските инвеститори, кога тие ја немаат таа предвидливост во набавката на електрична енергија и која влијае во процесот, не само во производството, туку јасно е дека потрошувачите ќе имаат зголемени трошоци. Значи, сега, цената по која што МЕПСО ги опслужува, тарифната цена реков, за нив важи регулирана цена согласно законот е 29,6 евра по мегават час. На слободниот пазар таа е помеѓу 70 и 80 евра по мегават час и очигледно ќе се зголемат трошоците во тие компании и како тоа ќе се резултира врз бројот на вработени, на процесот на производство, дали итоа ќе ги задоволува растот што си го наметна Владата на индустриското производство, треба времето да покаже. Но, за исполнување на директивите, за исполнување на предвидливоста во набавката на електричната енергија од страна на компаниите, од страна на економскиот аспект, она што е и

задача на Министерството за економија, мислам дека овој амандман треба да се прифати, бидејќи нуди и критериуми и една транспарентност во целата постапка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи Никола Поповски кој се беше јавил за збор не е присутен во салата, сега на ред за збор е госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувани присутни, јас ќе се обидам уште еднаш, со оглед дека се работи за иста седница, меѓутоа второ продолжение, уште еднаш да повторам која е суштината на овој амандман и која е воопшто суштината на реакциите на СДСМ врз вака предложените измени и дополнувања на Законот за енергетика.

Основна идеја на овој Закон за енергетика е овозможување на непречено знабдување со електрична енергија на сите потрошувачи во Република Македонија односно непречено снабдување со електрична енергија, како на големите потрошувачи, така и на потрошувачите од дистрибутивниот сектор односно од категоријата домаќинства, од категоријата останата потрошувачка односно продавници, сервиси, индустрија помали погони, средни погони, улично осветлување, училишта и други установи и институции. Големите потрошувачи во Република Македонија кои ги има моментално девет, ова не е дефинитивна бројка, оваа бројка се менува и може да се промени на повеќе, во зависност од индустрискиот развој на големите потрошувачи и нивната потрошувачка на електрична енергија. Деветте големи потрошувачи во Република Македонија моментално се ОКТА, ФЕНИ, Бучим, Македонски железници, УСЈЕ или сега ТИТАН, Цементарата, СИЛМАК и погоните во Скопска железарница, во Скопска железара, три поголеми и неколку помали. Некогаш директни потрошувачи беа и Топилницата во Велес која моментално не работи, па доколку продолжи да работи ќе биде пак во групата на големи потрошувачи, беа хемиската индустрија ХИВ - Велес, и веројатно со развој на економијата и на индустријата во иднина би имало во Република Македонија ако се исполни ветувањето и другите големи потрошувачи.

Големите потрошувачи се сите од првиот до последниот приватизирани компании, односно приватни фирми. Тие трошат околу 20 до 25% од вкупната електрична енергија во Република Македонија. Овие 20 до 25% нивна потрошувачка на вкупната енергија до сега однсоно до пред донесувањето, до денешен ден купуваа електрична енергија од МЕПСО од државната македонска компанија, 100% по цени утврдени од страна на регулаторната комисија односно по некои упросечени цени многу пониски од вистинските цени на слободниот пазар, на Европскиот пазар или ако саката на регионалниот Балкански пазар на електрична енергија. Бидејќи, повеќе не може државата да издвојува средства од Буџетот како би можеле овие компании да плаќаат пониска цена на електричната енергија, пред се, поради наглото зголемување на цената на електричната енергија на светскиот пазар, посебно на регионалниот пазар, овој закон предвидува слободна набавка на електрична енергија на големите потрошувачи од слободниот пазар односно од увоз од надвор од Македонија. Тоа е се во ред и со ова СДС потполно се согласува. Ова беше и наша интенција да се ослободи пазарот на електрична енергија односно да може да се набавува од увоз, од странство по реални цени. До тука немаме ништо против, до овде се согласуваме со новиот закон.

Меѓутоа, големите потрошувачи еден дел од електричната енергија, Законот не кажува колку, дали тој дел ќе биде 15, 20 или 30% ќе набавуваат и од домашното производство односно еден дел од нивните потреби ќе ги задоволуваат од МЕПСО. Е, овде, настанува проблемот, тука е сето тоа што ние како СДСМ го дискутиравме вчера попладне и ова е суштината на овој наш поднесен амандман. Поради разликата во цените на домашната струка која изнесува околу 29 евра мегаватчас, домашната струјата произведена од РЕК Битола, главно, потоа еден дел се произведува во РЕК Осломеј, многу помалку, уште помалку во хидроцентралите Македонски, Мавровските централи, Шпиље, Глобочица, малите хидроелектрани и еден дел зимава се произведуваше во ТЕЦ Неготино во Електраната која работи на мазут. Значи, домашната струка има многу ниска цена околу 29 евра мегават час, додека моменталната цена на струјата и од увоз изнесува 71,2 евра мегаватчас. Разлика на цена е 3:1 и токму оваа разлика на цена создава многу прашања односно прашања во насока која количина големите потрошувачи ќе ја купуваат од домашниот пазар и кој од нив деветте кој процент ќе го задоволува од нивните потреби од домашниот пазар. Вака предложениот закон дава можност, на пример, цементарницата Титан, некогашно Усје, 100% од електричната енергија ја купува од домашниот пазар по цена од 29 евра, со тоа ќе заштеди 4 милиони и 500 иљади евра годишно. Тоа е многу голема сума, сума која нуди размислувања за можни корупции, за можни незаконски активности пред договарањето кој процент која од големите компании ќе го купува од домашниот пазар. Уште подрастичен е примерот со ФЕНИ индустри. Доколку ФЕНИ индустри односно комбинатот ФЕНИ целата годишна потреба од електрична енергија ја задоволува од домашниот пазар, ќе заштеди на разлика на цена цели 26 милиони евра. Ова е сума која не е воопшто за занемарување, се работи за огромни вредности, а законот како што е предложен дава дискреционо право не на Владата, не на Министерството за економија, туку дава дискреционо право на МЕПСО да одлучува кој процент, на кого од домашните големи потрошувачи колкав процент ќе му дава од домашната струја, а колкав процент ќе треба

да се купува од увоз. Во одлучувањето и чесноста и искрените намери на еден човек или на едно раководство, дали тоа ќе биде генералниот директор на МЕПСО, дали тоа ќе биде надзорниот одбор на МЕПСО, ќе треба да оставиме во негови раце да одлучува за огромни суми пари, дали ќе се даваат од државната струја или ќе треба да си ги купува од увоз. Дали тие 140 милиони евра, колку што би потрошиле големите девет потрошувачи во 2007 година за набавка на целата струја од увоз ќе бидат толку, ако 100% од нив купуваат цела струја од увоз или пак ќе треба да потрошат големите потрошувачи вкупна сума од околу 60 милиони евра ако 100% ја купуваат струјата од домашнот пазар. За жал, овој закон поради недостаток на електрична енергија, што е реалност, ќе даде можност за многу големи злоупотреби ваков каков што е предложен.

Со амандманот што го доставивме од страна на мојата пратеничка група предвидуваме сите големи потрошувачи да бидат снабдувани со ист процент на електрична енергија од домашниот пазар. Предвидуваме со овој амандман фер услови за сите големи потрошувачи, односно евентуално сите од нив да добиваат годишно по 15% од електричната енергија, на пример, од домашнот пазар, а останатите 85% да си ги купуваат од увоз. Или, да биде купувањето на електричната енергија од увоз и од домашниот пазар транспарентно. Мене ми е јасно дека амандманот нема да помине. Мене ми е јасно дека Владата не сака законски да се определи процентот, кој сите големи потрошувачи ќе го добиваат од домашната многу поевтина струја.

Со овој закон, вака како што е предложен ќе се даде дискреционо право на еден човек да одлучува за огромни вредности, огромни износи на добивка кај приватните компании. Јасно е дека кога се работи за милиони евра чесноста и искреноста, кога се работи за државна компанија и договарање со приватна компанија секогаш чесноста и искреноста се мотивирани од нешто друго. Тоа го знаат сите во Република Македонија, а тоа законот овој пат го нуди.

Мене ми е јасно дека министерката за економија како претставник на Министерството за економија на Владата мора да го брани овој закон. Колку и да не се согласува со него, мислам дека таа добро ја разбира проблематиката која ја третира овој закон, за разлика можеби од некои други присутни кои поради суптилноста и поради стручноста не разбираат што нуди и што овозможува законот, меѓутоа бранењето, како што реков е бранење на решение кое го нуди цела Влада.

Меѓутоа македонската јавноста мора да знае и да биде запознаена во какви привилегирани услови законот ќе постави дел од големите потрошувачи, колкав профит законот ќе им овозможи на дел од нив да добијат преку договарање во четири очи со еден човек од страна на претставник на Владата на Република Македонија и еден човек претставник на некоја приватна фирма, на пример ФЕНИ, Македонски железници, Силмак, Охис и сл.

Повеќе не би сакала да објаснувам и да го трошам времето на парламентарното собрание, благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам сите пратеници кои се во Собранието, а не се во салата да повелат да си ги заземат своите места, треба да преминеме на гласање.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Во салата има доволен број на пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Гласале 69 пратеници. За гласале 18, воздржани 2, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од пратениците Јани Макрадули и Верица Филипова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот, повелете.

**Вера Рафајлова:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Кога го составуваме овој амандман имаве префит дека законот како што е предвиден ќе помине и дека ќе бидат упатени големите потрошувачи дел од нивната потребна електрична енергија да купуваат од странство како би можеле континуирано и непречено да работат. Меѓутоа, набавката на електрична енергија од странство значи потребно време за објавување на тендери, потребно време за договарање на таа електрична енергија, потребно време за обезбедување на таа стока, на стоката, која во овој закон се вика електрична енергија и моќ. Кој е начнат тие потрошувачи да добијат односно да обезбедат увоз од слободниот европски пазар електрична енергија во рок од само 7 дена. Денес е 20 март, а веќе од 1 април, кога ќе биде објавен законот во Службен весник сигурно ќе поминат уште два три дена, од 1 април значи ќе бидат упатени сами да купуваат струја односно МЕПСО ќе може да каже не ви ја испорачувам оваа количина електрична енергија, од мене нема да купувате повеќе струја, нема да ви давам повеќе струја, бидејќи законот така вели, или затворајте, или купувајте од слободниот пазар. Што ќе се случи?

Наоѓајќи се во цајтнот немајќи време сами да обезбедат електрична енергија од слободниот

пазар ќе бидат упатени за да не ги затварат погоните ФЕНИ МАК, ОКТА, Железара, Циментара, да не го затварат производството да ја купуваат електрична енергија од онаму од каде што ќе им ја понудат. Што значи тоа? Тоа значи, според кажувањето на надлежните стручни лица дека уште сега постојат компании, една до две компаник коисе блиски до владеачкото мнозинство, до ВМРО-ДПМНЕ, кои имаат обезбедено електрична енергија од увоз, тоа се најчесто, барем едната од нив е човек фирма, човек фирма на поранешен директор во времето на претходната Влада на ВМРО-ДПМНЕ кој ја има обезбедено таа електрична енергија од увоз и кој веднаш ќе може да реагира односно да ја понуди на овие големи компании.

Се работи, како што претходно објаснував, бизниси односно договори не со стотини евра, договори не од илјадници евра, туку од милиони евра. Милиони евра добивка на човек фирмата кој ќе може на 1 април да му обезбеди електрична енергија на ФЕНИ, на човек фирмата кој ќе може да му обезбеди од 1 април електрична енергија на ОКТА, Титан и сл.

Заради фер односи кај економските субјекти со овој амандман предвидуваме, претседателе дали ќе можете да обезбедите услови за работа.

(Претседателот ги опоменува пратениците со ѕвончето - ве молам да се слушаме, повелете).

Јасно е дека законот со неговата суштина не побудува поголем интерес во Парламентот, бидејќи како што вчера кажав во моето излагање голем дел од пратениците не го ни разбираат овој закон, меѓутоа за македонската јавност мислам дека е многу инетрестен, посебно за делот од јавноста кој го тангира законот.

Со овој амандман предвидуваме законот да почне да важи за големите потрошувачи односно членот 2 кој вели дека ќе се снабдуваат со струја од увоз да важи од 1 јули како би се дали време од дополнителни три месеци за кои би можеле самите да си обезбедат струја од увоз односно за кој би можело да обезбедат поволни цени, најефтини од понудените на струја од увоз односно не би биле законски усмерени да ја набавуваат таа струја од фирмите кои знаејќи дека ќе се донесе овој закон, од фирмите кои веќе ја имаат обезбедено таа електрична енергија, од фирмите кои однспред знаеа што ќе следи, кој однапред знаеа дека се подготвува овој закон и обезбедија веќе електрична енергија од увоз. Уште еднаш да повторам, тоа се приватни фирми, човек фирма на кој Владата на Република Македонија им даде поволност да направат бизниси со милионски суми на евра, а ние почитувани колеги пратеници, почитуна претседателе со нашето гласање “за” ќе овозможиме тие луѓе легално да дојдат до тој профит.

Значи јас како претдлагач на овој амандман заедно со колегата Јани Макрадули предвидуваме да се даде рок од 90 дена, од три месеци, големите потрошувачи да можат да обезбедат најефтина струја, нејефитна електрична енергија од регионот, а не да бидат усмерени обавезно да ја купат од фирмите на овие личности. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави пратеникот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Почитуван претседателе јас се обидов денеска мирно да ја сослушам дискусијата на госпоѓата Верица Филипова, првиот пат не реагирав, не реплицирав, меѓутоа вториот пат морам да реагирам само од причина поради тоа се поместуваат тезите и се кажуваат груби дезинформации кои што апсолутно немаат никаква врска со вистината. Има два моменти кои што треба ние како пратеници да се чуствуваме сигурни во носењето на нашите одлуки мора да ги имаме предвид.

Првата работа е либерализацијат на пазарот, која што според Договорот за енргетска заедница помеѓу земјите од Југоисточна Европа го имаме како обврска и

Второ како да го заштитиме населението од драстично поскапување на струјата, глобално дури и за домаќинствата.

Значи Република Македонија има потреба од над 8,5 гигават часови, или 8.500 гигават часови, а произведува само 70 до 75% до струјата. Во регионот индустриската струја која што ја користат големите капацитети си има своја цена која што е многу повисока од цената која што ја користат индустриските капацитети во Република Македонија. Што е поентата на ова што Владата сега го предлага?

Прво, за да биде јасно на секого, секој договор за набавка или за продажба на струја кој што го склучува МЕПСО обавезно според законот мора да биде одобрен од Регулаторната комисија која што е независно тело надвор од ингеренциите на Владата. Тука простор за злоупотреби нема. Значи, повторувам - секој договор за набавка и за продажба на струја кој што МЕПСО го склучува апсолутно мора да добие одобрение од Регулаторната комисија.

Второ, што е поентата во однос на поскапувањето?

Струјта која што ЕЛЕМ му ја продава на МЕПСО чини околу 21 евро, а струјата која што мора да ја докупиме како држава од светскиот пазар, или од балканскиот пазар кошта два до три пати повеќе, а цената која што МЕПСО му ја продава на ЕВН и цената која што ЕВН ја продава на населението е некаде помеѓу. Значи, со парите на граѓаните ние всушност покриваме потреба на индустриските капацитети. Со овој закон апсолутно ќе овозможиме граѓаните да си ја плаќаат струјата која што е од основни потреби онолку колку што вреди и индустриските капацитети повторно да си ја плаќаат струјата онолку колку што вреди за индустријата. Со недонесувањето на овој закон ние всушност ќе дозволиме драстично

покачување на струјата за граѓаните на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За контра реплика се јави госпоѓа Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Токму тоа е поентата. И ние сме за таа игра, како што кажа колегата Димовски, меѓутоа СДСМ се залага за правила на игра, а правилата на игра во овој закон не се донесени. Овој закон остава правилата на игра да се утврдат во член 2, цитирам: “се утврдуваат со одлука на снабдувачот на електрична енергија”. Не е споманата ниту Регулаторна комисија, не е споманта ниту Владата туку е спомнат само МЕПСО.

Овој закон дава дискреционо право на МЕПСО да ги утврдува правилата на играта. Струјата, како што кажуваше колегата Димовски, која се разликува од два до седум, односно повеќе од три пати да не се утврдува на кој колку струја ќе му даде од големите потрошувачи односно на тој начин да може да ги стави некој од нив во привилегирана состојба и да го оштети Буџетот на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Мислев дека лапсусот односно мислев дека во излагањето што министерката го даде значи преадуцирање на прифаќање на овој амандман, но за жал се покажа дека тоа е лапсус. Имено, министерката за економија, госпоѓа Рафајловска, во своето излагање рече “имаше разбирање за големите потрошувачи. Тоа разбирање беше да не се затекнат големите потрошувачи во период кога електричната енергија на пазарот каде недостасува во регионт и пошироко би ја купувале по знатно поголеми цени или повисоки цени, а тоа значи дека ќе има се остави просто со примента од 1 јули ќе излезат на пазарот кога електрична енергија ќе добие нормални цени”.

Мислев дека имаше намера да го прифати амандманот, но за жал остануваме на варијаната големите потрошувачи од 1 април треба да се снаоѓаат за набавката на електрична енергија.

Идеално би било, како што зборуваше и господинот Димовски ако тоа се случи, ама тоа не го пишува во законот. Значи, ние и вчера дебатиравме и денес дека е невозможно, значи не е реално ова да се заврши до 1 април.

Имено, во член 2 се вели дека количините на електрична енергија и моќност кои што треба да се набават ќе бидат обврзани да се евидентираа секој таков договор за купување на електрична енергија и моќност кај операторот на пазарот на електрична енергија, значи не кај Регулаторната комисија, ама согласно со пазарните правила.

Уште еднаш нагласувам, “согласно пазарните правила”. Во овој момент, на 20 март пазарни правила не постојат. Пазарните правила, не знам дали министерката Рафајловска знае, пазарните правила се еден документ со над 150 члена.

Значи, тие ќе ги подготви МЕПСО и ќе ги достави до Регулаторната комисија. Можеме да замислиме на колку страници ќе бидат тие 150 члена. Тие пазарни правила и тие 150-тина члена Регулаторната комисија ќе ги земе и како сериозна независна институција ќе земе да ги анализира. Ќе земе да ги реализира и согласно Статутот на Регулаторната комисија ќе организира подготвителна седница каде ќе ги покани заинтересираните страни да дојдат, па после подготвителната седница Регулаторната комисија треба да донесе одлука дека пазарните правила тие и тие важат.

Тоа е невозможна мисија до 1 април и тука е нашиот сомнеж, нема да помогне ниту популизмот на колегата Димовски ниту непознавањето на министерката Рафајловска за проблемите кои ќе настанат. Уште еднаш да кажам со стандардите што си ги наметна Владата со растот на индустриското производство затоа што ќе имаат негативен ефект од одлуките самите што ги прават. Имено, се плашиме или сме загрижени за тоа, дека ќе постојат подобни и неподобни потрошувачи, дека, кога нема јасни критериуми напишани во Законот, кој е тој што ќе одлучи дека на 4 или 5 од потрошувачите вкупно 9 ќе дава 20% од МЕПСО, а 80% да си набави или ќе даде можеби 100% од МЕПСО, па повторно цената да биде 21,6 евра по мегават час. Кој го гарантира тоа? Друго е ако сите 100% ги даде МЕПСО па ајде сите 100% да одат на слободниот пазар, но тоа нема да се случи. Ќе се случи секој да се снаоѓа сам или од она што најмногу се плашиме да му се понуди човек кој ќе му ја заврши таа работа. Дека Владата има намера тоа да го направи се гледа и од саботниот оглас на ЕЛЕМ за издавање под наемнина на производствениот капацитет на ТЕЦ Осломеј. Замислете ако политиката е таква да вие изнајмувате на 6 месеци ТЕЦ Осломеј, а да речете на 9 месеци РЕК Осломеј ќе го дадеме на еден виспрен економист од 78 години што има осет, па набавува машини со време, еден добар предузимач. Каде ќе отиде државата? Значи, ТЕЦ Осломеј е дел од системот, тој не може да измислува работи, ТЕЦ Осломеј ќе си произведе по регулирана, тоа е регулиран производител и тој цената на МЕПСО му ја дава по регулирана цена, по Законот за енергетика тоа е членот 69, тој не може да измислува цена или да прави пазар, но постои една компанија како што кажа госпоѓа Верица Филипова, таа компанија, за жал, без разлика колку сте вие незаинтересирани, ќе направи многу профит, но ќе направи добро, е член од ВМРО-ДПМНЕ, но не е добро, не е добро за индустриските капацитети во Македонија, без разлика кој е таму и како се однесува.

Кога немате правила на игра, кога немате транспарентна процедура, некому оставате да биде, условно кажано, енергетски сообраќаец кој ќе кажува на оваа компанија ќе дадам 20%, на оваа компанија ќе дадам 70%, на оваа компанија

ќе дадам 100% од МЕПСО по 21,6 евра, а вие, бидејќи сте неподобни потрошувачи или некако не ми се допаѓате, вие 100% да си набавувате струја од извоз по 80 евра мегават час. Тој ќе се воодушеви и тој сите илјада вработени даречеме ќе ги задржи и ќе прими уште 500? Не. Било кој економист ќе знае дека енергетската компонента има огромно учество во производствениот циклус и во цената на трошоците што ги прави. Лошо е ако тој за 10 дена да отиде на слободниот пазар, да прошета во регионот, да купи струја и да ја договори преку дистрибутивната мрежа таа да му се донесе во производствените капацитети.

Јас реков Република Македонија распиша тендер за 100 мегавати електрична енергија во ноември месец. Сите што понудија струја, понудија вкупно 35, не еден човек, вкупно. Значи, вие оставате на варијанта некои неподобни потрошувачи за 10 дена успеат да најдат струја по цена, башка што ја нема, она што не можеме како цела држава тоа да го направиме, мислам дека е преголема леснотијата со која се предлага овој закон со уште поголема леснотија се брани со аргументи кои се апсолутно дефокусирачки, пазарните правила не постојат, пазарните правила единствено со сила макар и 15 саати работеле сите со ефикасноста на премиерот, не може оваа работа да се заврши до 1 април. Плус од 1 април да имаат јасна визија колку ќе биде трошокот на производството на тие производствени капацитети.

Затоа мислев дека е барем фер да им се даде еден рок до 1 јули да можат да се снајдат потрошувачите и да можат Владата навистина да направи една анализа дека е нелојално, дека е нетранспарентно и дека е против Европската директива 54/2003, тоа дека различни потрошувачи ќе добијат различен процент од МЕПСО. Мислам дека тоа се коси и против заложбите за транспарентност и против фер услови се коси не само Европската директива 54/2003, туку се коси и со принципите што оваа Влада сака да ги наметне како единствена норма на нејзиното делување.

Затоа да го охрабрам парламентарното мнозинство да го поддржи овој, условно кажано, бенигнен амандман каде рокот на набавката или рокот на почетокот на примена на одделните одредби од 1 април ќе се префрли на 1 јули 2007 година.

За жал, МЕПСО како оператор на пазарот на електрична енергија согласно член 75 од Законот за енергетика не ги објави пазарните правила, не ги донесе во согласност и по одобрение од Регулаторната комисија за енергетика и тој процес не може да се заврши за 10 дена, ризикот е преголем, леснотијата со која се однесуваме е преголема, но тоа е на душа и на совест на парламентарното мнозинство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика за Илија Димовски, повелете три минути.

**Илија Димовски:** Претседателе, сосема накратко, нема да одземам три минути. Целокупната теза во контра овој закон оди на претпоставка дека МЕПСО ќе работи недомаќински и ништо повеќе. Тоа е од внимателното слушање и на колегата Макрадули и на колешката Филипова целокупноста е во тоа дека МЕПСО има ваква намера, за ова вака ќе постапи. Во оваа држава постојат закони, постои Закон за енергетика, во член 4 е предвидено се што треба да биде предвидено и уште еднаш ќе повторам секој договор за купување или за продажба на струја што го склучува МЕПСО мора да помине преку одобрение од Регулаторната комисија. Значи, тоа е од едната страна тезата која ја има СДСМ, а од друга страна кажуваме дека ако не се донесе овој закон струјата во Република Македонија ќе треба драстично да поскапи поради тоа што цената која ја произведува ЕЛЕМ струјата е 21-но евро, а од увоз се движи од 60-65 евра. Разликата некој мора да ја плати. ЕЛЕМ на ЕВН му ја плаќа струјата по 29,6 евра, тоа го кажа и господинот Макрадули.

Значи, целокупното спротивставување на овој закон е исклучиво на претпоставка дека МЕПСО ќе постапел нетранспарентно, дека немало да има конкуренција итн. Извинете, меѓутоа, ние како владеачко мнозинство сме многу совесни и многу одговорни каква тежина носиме пред граѓаните на Република Македонија во насока на спречување на корупцијата, во насока на запазување на конкуренцијата и ако сакате во насока на почитување на европските директиви кои вие ги спомнавте. Нема да го правиме она што вашата Влада беше обвинета дека го прави во други сегменти од пазарот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот Јани Макрадули со својата контра реплика од една минута, повелете.

**Јани Макрадули:** Добро, јас мислев дека само господинот Груевски не ја зборува вистината, ама еве уште еднаш да се обидам, ако има слух, во пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Значи, нашата заложба не е тоа. Во член 2 пишува дека оваа постапка ќе биде согласно со пазарните правила. Ние велиме дека пазарни правила нема, дека тоа се 150 члена и за 10 дена не можат да се завршат. Тоа е нашата загриженост,а вие ја имате мувата на капата, па зборувате за корупција. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господинот Љубисав Иванов-Ѕинго, повелете.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Благодарам претседателе, јас ќе бидам многу краток.

Комисијата за економски прашања многу долго расправаше за овој закон и констатира дека е неминовен и под итно треба да се донесе за да функционира снабдувањето на големите потрошувачи.

Овие дилеми кои се покренаа се едноставни за решавање ако ние покрај либерализацијата на пазарот воведеме и пазарни услови на

стопанисување во оваа област како што го направивме со енергетските горива.

Според тоа, овие проблеми треба да се разрешат со некои подзаконски акти, а во иднина треба да се работи на тоа да се воведат пазарни услови на стопанисување и тогаш ќе отпаднат сите вакви претпоставки и дилеми. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Уште еднаш се јавив за збор за да не правиме инсинуации на фирми кои се веќе подготвени да ги снабдат големите потрошувачи со електрична енергија. Јас описно да објаснам кои се тие две фирми. Не ги кажувам имињата и презимињата на луѓето, меѓутоа, овие кои се во оваа област ќе се сетат за кого се работи.

Едната фирма е фирма на човек член на ВМРО-ДПМНЕ кој беше еден од кандидатите за генерален директор на МЕПСО и кој долго време во ЕСМ работеше врз снабдувањето на електроенергетскиот систем на Македонија со енергија од увоз. Тој човек си даде отказ од МЕПСО пред месец и пол, си даде отказ и наместо плата од 1000 евра направи приватна фирма за увоз на електрична енергија воедно и застапништво на една светска фирма во Македонија. Тој човек веќе има договори за увоз на електрична енергија со производители од овој регион и го чека донесувањето на овој закон, како би можел од 1 април да им испорачува струја на големите компании и како би можел да влезе во бизнис со милион евра кои ние овде со гласањето за ќе ги легализираме.

Значи, не се работи за заштита на домаќинствата или на граѓаните на Република Македонија, не се работи за покачување на цената на квтч на цената на струјата за граѓаните заради тоа што повторувам по десети пат и СДСМ е за либерализација на пазарот на електрична енергија. Меѓутоа, ние сме за воведување на правила на игра, ние сме за оневозможување на одредени личности да им се даде ексклузивно монополско право да прават милијарди евра добивка. Ние сме за легализација и озаконување на сферата во која се вртат најмногу пари, тоа е енергетиката. Сферата во која се остваруваат најголеми добивки, како што кажав вчера, после трговијата со оружје, после трговијата со наркотици и со бело робје кои се црни бизниси, енергетиката е сфера во која се остваруваат најголеми профити и законот каков што е напишан во себе крие, задскрива можност на одредени лица на големи профити.

Веројатно гласачката машинерија на ВМРО-ДПМНЕ тоа ќе го изгласа. Меѓутоа, воведувањето на нов начин на игра во енергетскиот систем на Македонија без правила на игра носи ново осиромашување на македонскиот народ. Ваквиот закон носи ново бркнување во џебот на македонскиот граѓанин како би можеле милиони евра да се прелеат од Буџетот на Република Македонија во џебот на приватни лица, во џебот на поединци. Нека ни е на здравје колеги, веројатно не го разбирате ова, меѓутоа, не верувам дека на дневен ред во Македонскиот парламент ќе дојде во овие 4 години колку ние ќе бидеме пратеници, ќе дојде сличен закон каде ние ќе овозможиме можност за богатење на поединци со толкави суми пари.

Жал ми е што голем дел од народот не го разбира и од пратениците, жал ми е што колегата Илија Димовски не познавајќи ја проблематиката се обидува да го дефокусира влијанието на јавноста, демек ќе поскапела струјата за домаќинствата и за народот. Не. Новиот закон не нуди тоа. Новиот закон нуди од 1 април да се појават на македонската сцена некои нови најбогати граѓани во Македонија. Ние тоа ќе го овозможиме со нашето гласање овде, дали ќе ни се заблагодарат, не знам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави Горан Петров, повелете.

**Горан Петров:** Благодарам претседателе.

Би сакал да обрнам внимание дека предмет на измена во овој амандман е само временскиот рок во кој ќе се применува новиот закон. Овој амандман бара привилегираната состојба на големите потрошувачи да потрае уште три месеци.

Онака како што сега одат работите на енергетскиот пазар и она што значи цена во Македонија значи следното: секој месец отприлика 4,5 милиони евра да се одлеваат од Буџетот заради набавување на електрична енергија од пазарот од Европа и давање попривилегирана цена на само 9 големи потрошувачи. Тоа значи дека најголем дел од потрошувачите се домаќинствата кои на свој грб ги носат овие потрошувачи заради тоа што некој им овозможил да добиваат електрична енергија не по пазарна цена, туку онака како што се договориле.

Пролонгирањето на овој рок ќе значи дека одредени компании кои работат по берзански правила, кои остваруваат профит согласно тие берзански правила, овде во Македонија бараат енергетскиот пазар да се однесува надвор од енергетските пазари односно од тие пазарни правила. Значи, бараат привилегирана состојба која, за жал, оди на товар на секој македонски граѓанин. Македонскиот буџет, пак ќе повторам, некаде 5 милиони евра месечно ќе губи заради тоа што со овој амандман им се овозможува на само 9 субјекти да го остваруваат тоа право. Она што значи сомневање од страна на колешката Филипова Верица кој, како и под кои услови ќе снабдува електрична енергија е сосема легитимно право, транспарентноста е досегашна заложба и верувам дека ќе продолжи уште повеќе во иднина. Она што значи неправилност при пазарните услови никој не го одзема правото на опозицијата и на колешката Филипова Верица да реагира, меѓутоа, однапред да се оштетува Буџетот за некаде 15-тина милиони само врз основа на сомневање, за мене е нешто што оди

на директна штета на граѓаните на Република Македонија.

На крај би сакал да потсетам дека некои од овие директни потрошувачи, големи потрошувачи веќе набавуваат електрична енергија од пазарот надвор од Македонија по цена која е помала од 65 евра колку што плаќа Република Македонија.

Значи, веќе сега тие остваруваат некоја разлика во цената, меѓутоа, сигурно ним им одговара таа ситуација да потрае што подолго. Мислам дека и овој амандман е во таа насока 9-те привилегирани потрошувачи на сметка на сите други да уживаат во тие месеци. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Верица Филипова контра реплика една минута, повелете.

**Верица Филипова:** Констатацијата на колегата е делумно точна. Точна е дека се согласуваме дека мора да купуваат од слободниот пазар електрична енергија големите потрошувачи. Меѓутоа, законот како што е предложен не вели дека 100% целата енергија што ја трошат ќе ја купуваат од слободниот пазар, туку им дава право еден дел да купуваат од МЕПСО. Тоа е проблемот колега. Тие и понатаму ќе бидат привелегирани за сметка на македонскиот граѓанин за некоја количина на енергија.

Токму амандманот, помеѓу датите 1 април и 1 јули, струјата не е стока што може да се отиде во супер маркет и да се купи. Струјата е стока во која, да се обезбеди во услови на недостаток, треба повеќе време.

Заради тоа го давам амандманот, дека големите потрошувачи ги насочуваме од 1 април да купуваат електрична енергија од луѓе кои претходно знаеле дека ќе се донесе овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Авировиќ Владанка, се јавивте за реплика. Повелете, три минути.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе.

Имам реплика, и вчера се повторува, постојано, мислам дека не е коректно од колешката, во делот каде што кажува дека со овој закон, со измените, ќе се осиромашат граѓаните, што е врв на демагогијата, почитувана колешке. Бидејки на овој начин, вие ја дефокусирате јавноста.

Овде се зборува за снабдување на електрична енергија, пред се на големите потрошувачи. Ако цело време зборуваме, вие практично ги штитите големите потрошувачи. А, со ова, не ги штитите малите или крајните потрошувачи, граѓаните.

Вие сакате да го кажете токму спротивното, па затоа ја дефокусирате сега јавноста.

Од друга страна, врв на демагогијата е, кажете по која цена го продадовте ЕСМ? Сега вие зборувате за правила што треба да ги донесуваме и дека ние ќе ги оштетиме крајните потрошувачи. Како да нема Закон за енергетика, како да нема Регулаторна комисија, па вие пазарните рпавила сакате да кажете дека имаат врска со тарифните потрошувачи, што не е точно. Големите, тарифни потрошувачи што ги имаме сега, и понатаму ќе снабдуваат електрична енергија по овие правила. Меѓутоа, немојте да ги мешате нив со квалификуваните потрошувачи, што во Македонија сега ги нема. Треба допрва тие да се изјаснат, па да помине низ Регулаторна комисија и тие понатаму да учествуваат на пазарот.

Мојот дел се состои во тоа дека постојано укажувате дека тоа ќе биде на штета на граѓаните, што воопштоне е точно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика им Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Јасно е дека перпетум мобиле не псотои. Ако некои пари некаде се дадат, тие мора од некаде и да се земат. Токму тоа е. Од кого ќе се земат, ако не од Буџетот на Република Македонија? Ако МЕПСО прави лоши договори, од каде ќе бидат тие пари, од МЕПСО илиод Буџетот или од џебот на макеоднскиот граѓанин? Јасно е, изворот на средствата во Македонија е јасен, потполно е јасен. Потполно е јасен. Потполно е јасен.

Регулаторната комисија ја спомнавте неколку пати до сега. Регулаторната комисија ги добива само на увид. Не ги потпишува. Договорот се потпишува помеѓу голмиот потрошувач и помеѓу МЕПСО. Тоа веројатно не ви е јасно. Меѓутоа, Регулаторната комисија е тоа тело. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави Илија Димовски, повелете вашите три минути.

**Илија Димовски:** Се чудам претседателе, немав намера по трет пат да реплицирам, меѓутоа некултурата што ја презентираше во лична насока колешката Верица Филипова ме испровоцира. Јас не сум човек кој се служи со лични дисквалификации. Секогаш зборувам со егзактни бројки, со прецизни бројки. И кога сум дел од општа расправа и кога дискутирам по амандмани. Така што се надевам дека ќе добијам едно извинување од колешката Верица Филипова во оваа насока, личните моменти што ги спомна.

Во насока на она што е дел од дискусијата:

Прво, ќе повторам, секој договор за набавка или за продажба на струја што го склучува МЕПСО, мора да биде одобрен од Регулаторната комисија. Регулаторната комисија, колешката Верица Филипова добро знае што е. Таа се грижи за регулирање на пазарот, на енергетиката во Република Македонија. Тука, простор за злоупотреби ама апсолутно нема.

Второ, толкав е интересот, што ниту еден голем субјект нема да дозволи да биде поставен во понеповолна положба од сите. Едноставно кажав, концептот на оваа Влада во сите сфери, во досегашните 6 месеци е апсолутно јасен, за граѓаните транспарентен и еднаков за сите. Нема ниту еден момент до сега каде што оваа Влада направила поинаква постапка. Затоа сум милион посто убеден дека таквиот начин на работа ќе

продолжи и во иднина. Целокупната контра аргументација е базирана на претпоставки.

А, колегата Петров добро потенцираше. Одложување на три месеци, на стапување во сила  на ваков закон ќе значи загубени 13,5 милиони евра од џебовите на граѓаните на Република Македонија. Разликата е 4,5 милиони месечно што се надополнува, односно што се губи.

И, четврата работа, со тоа ќе завршам, мене ми е многу жал што цеалта претпоставка што ја гради колешката Верица Филипова е базирана на матрицата на која што работеше СДСМ.

Извинете колешке Филипова, меѓутоа ВМРО-ДПМНЕ ниту има намера, ниту работи ниту ќе работи по таа матрица. По таа матрица вие се обидовте да го продадете ТЕЦ-Неготино за 4 милиони евра, со истите обврски за изградба на уште еден капацитет и т.н. Истото тоа оваа Влада ќе го продаде ТЕЦ-Неготино за минимум 38 милиони евра. Тоа е транспарентна политика, тоа е начин како да им се помогне на граѓаните.

Значи, оваа Влада, еден од нашите колеги пратеници умееше со убави зборови да го каже, оваа Влада запре кривично дело од извршување, односно измама со продажбата на ТЕЦ-Неготино. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика Верица Филипова, вашата минута, повелете.

**Верица Филипова:** Ако ВМРО-ДПМНЕ нема намера да работи по таа матрица, зошто во законот не ги утврдиме транспарентно правилата на игра? Зошто оставаме да веруваме дека ќе бидат искрени и чесни Регулаторната комисија, уште повеќе МЕПСО, кој ќе ги склучува договорите? Кој е мотивот овде да не се додефинира се? Мотивот може да биде само скриен или да се гледа кој е каков е.

А, за култура или некултура, не би дискутирала. Јас не можам да го промовирам колегата во дипломиран електро-инжењер на оваа седница. Ако тоа ќе му претставува нешто, еве да кажам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците кои моментално не се присутни во салата, да влезат во салата и да си ги заземат своите места. Ќе процедираме со гласање.

Констатирам дека во салата има доволно пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 12, воздржани нема, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Сосема на кратко, уште еднаш да го искажам ставот на пратеничката група на СДСМ.

Да изразам жалење од неактивната улога на министерот за економија во целата оваа расправа и со тоа се придонесе да се дефокусира темата.

За жал, пратениците од парламентарното мнозинство не се загрижија кога од Буџетот 20 милиони евра се дадоа на МЕПСО,од парите на граѓаните, туку сега, во улога на визионери во магична кугла претпоставуваме дека се ќе тече мед и млеко.

И, огласот во саботата што ЕЛЕМ го дава ТЕЦ-Осломеј на шесмесечно изнајмување и немањето транспарентна процедура во рамки на овој закон фрлаат сомнежи на неисполнување на директивите од Европската комисија за фер и транспарентни услови на сите потрошувачи.

Второ, не можеме да го подржиме законот, затоа што согласно член 2, како што предложила Владата, сите овие договори треба да бидат согласно со пазарните правилаи да важат од 1 април. Невозможно е пазарните правила да се донесат за 10 дена и оние кои треба да набават струја од увоз, тоа да го направат после донесувањето на пазарните правила. Ова е невозможна мисија, ќе има последици врз индустриските капацитети, врз растот на индустриското производство и врз вработените во тие капацитети.

Јас и порано сум дискутирал, Владата води премногу ригидна политика спрема некои капацитети кои што, на пример, се во шестата Изборна единица, што значат живот за многу македонци таму и опстојување на тие простори. Но, тоа е случај секогаш кога ВМРО-ДПМНЕ е на власт.

За жал, ваквите измени не можеме да ги прифатиме и ќе гласаме против. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави уште госпоѓа Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Јас, само со една реченица ќе циритам еден директор кој е инволвиран во овој систем. Неговите зборови беа “Ако сум јас нечесен и непоштен, на овој начин можам да станам најбогатиот човек во Македонија за една недела”. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Констатирам дека имаме доволен број на пратеници во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници 53 гласале. 42 гласале за, воздржани нема, против гласале 11.

Констатирам дека...

Повелете, Јани Макрадули процедурално.

**Јани Макрадули:** Согласно Деловникот, разликате е помалку од 5 од она што е потребно. Барам поименично гласање.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, ќе гласаме, ќе ви удоволиме на барањето. Ќе гласаме поединечно.

Молам службите да се подготват за поединечно гласање. Вратите и списоците да бидат подготвени. За некој момент ќе почнеме со прозивањето.

Имате ли подршка од 10 пратеници?

(Пратеници креваат рака)

Добро има подршка од 10 пратеници.

Ве молам, процедирајте. Ве молам тишина. Имаме многу работа уште, многу работа, дајте да го извршиме ова поединечно гласање во тишина и адекватна атмосфера.

Ве молам, повелете.

**Рокса Георгиевска:**

| | |
|---|---|
| Авировиќ Владанка | за |
| Адеми Џеват | отсутен |
| Ајдини Насер | за |
| Алити Рафис | отсутен |
| Анастасовски Иван | за |
| Андов Стојан | за |
| Андоновска Марија | за |
| Арифи Теута | отсутна |
| Ахмети Али | отсутен |
| Бендевска Весна | против |
| Беџети Блерим | отсутен |
| Бонева Силвана | отсутна |
| Божиновска Валентина | за |
| Бучковски Владо | отсутен |
| Буџаку Агрон | отсутен |
| Вејсели Абдулади | отсутен |
| Велиу Фазли | отсутен |
| Вељаноски Трајко | за |
| Витанов Зоран | за |
| Георгиевски Љубиша | за |
| Георгиевски Љубчо | отсутен |
| Кире Гештаковски | отсутен |
| Ѓелова Стојанова Соња | за |
| Герамитчиоски Тале | против |
| Гинев Јован | за |
| Грковска Славица | отсутна |
| Грозданов Цветко | за |
| Дамески Панче | за |
| Даневски Томе | за |
| Деркоски Оливер | за |
| Димеска Катерина | за |
| Димитриевски Дарко | за |
| Димитровски Ратко | за |
| Димовски Илија | за |
| Догани Бесим | за |
| Додовски Марјан | за |
| Дончев Данаил | отсутен |
| Дулиќ Благородна | за |
| Дураки Садула | отсутен |
| Ѓорѓеска Ружа | за |
| Ѓорѓиевски Веле | за |
| Ѓорчев Владимир | за |
| Жерновски Андреј | отсутен |
| Зашов Благој | за |
| Ибиши Хазбије | за |
| Иванов Љубисав-Ѕинго | за |
| Иванова Цветанка | отсутна |
| Ивановска Јаготка | за |
| Ивановски Игор | отсутен |
| Јакимовска Светлана | за |
| Јакупи Зумрете | отсутна |
| Јаневска Весна | отсутна |
| Јашари Аднан | отсутен |
| Каба Гарип | отсутен |
| Кадри Фљора | отсутна |
| Киров Ацо | отсутен |
| Кипаризовска Крстеска Анита | за |
| Китаноски Илија | отсутен |
| Китаноски Лазар | против |
| Кондарко Борис | против |
| Коцев Ванчо | за |
| Крстевски Стојче | за |
| Куновска Јагнула | за |
| Лалчевска Ристана | отсутна |
| Макрадули Јани | против |
| Манасијевски Јован | отсутен |
| Маркоски Гоце | за |
| Матоши Ружди | отсутен |
| Мисовски Горан | за |
| Митаноски Веле | отсутен |
| Митрева Илинка | отсутна |
| Мери Младеновска Георгиевска | отсутна |
| Мустафа Неждет | отсутен |
| Најдовски Слободан | отсутен |
| Незири Хади | отсутен |
| Незири Сафет | отсутен |
| Николов Марјанчо | против |
| Николоски Александар | за |
| Оровчанец Ѓорѓи | отсутен |
| Пачемски Миле | за |
| Пенов Ристо | отсутен |

Тито Петковски - не може да гласа бидејќи одпосле дојде.

Зоран Петрески - за

Горан Петров - за

Азис Положани - отсутен

Петар Поп Арсов - за

Лилјана Поповска - за

Никола Поповски - отсутен

Агим Рамадани - за

Есад Рахиќ - отсутен

Даут Реџепи - отсутен

Никола Рилкоски - против

Селвије Селију - отсутна

Шабан Салиу - за

Мирјана Секуловска - за

Ајше Селмани - отсутна

Елмазе Селмани - за

Влатко Серафимов - отсутен

Александар Спасеновски - за

Оливер Спасовски - против

Нада Станчевска - за

Анета Стефановска - за

Иван Стоилковиќ - отсутен

Ристо Стојанов - за

Фадил Сулејмани - отсутен

Надица Танчева-Тулиева - за

Мендух Тачи - отсутен

Виолета Ташева - за

Роза Топузова-Каревска - отсутна

Павле Трајанов - за

Никол Ќуркчиев - отсутен

Верица Филипова - против

Кенан Хасипи - против

Тахир Хани - отсутен

Фијат Ценоски - отсутен

Благородна Цветковска - против

Арбен Џафери - отсутен

Оливер Шамбевски - отсутен

Радмила Шекеринска - отсутна

Васко Шутаров - за

**Љубиша Георгиевски:** Гласале 66 пратеника, 55 гласале за, 11 гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика.

Процедурално, има збор пратеникот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Во текот на гласањето се прочита дека господинот Спасеновски Александар гласал за, а очигледно е дека не е присутен. Сакам да знам дали во бројката на оние кои гласале е и господинот Спасеновски Александар и зошто е тоа направено ако не е така.

**Љубиша Георгиевски:** Само еден момент, ќе го откриеме тоа, можеби се провлекла грешка. Во секој случај, разликата е таква што можеме да говориме за грешка.

**Оливер Спасовски:** Овде нешто друго е во прашање, не е за разликата.

**Љубиша Георгиевски:** Слушнавме едно "за" од таму. Ако опозицијата бара да прегласаме, ќе прегласаме.

**Оливер Спасовски:** Не, ќе ја прекршиме процедурата.

**Љубиша Георгиевски:** Не е кршење, и јас сум за исто.

**Оливер Спасовски:** Не ја спориме разликата, меѓутоа, намерата е друго нешто.

**Љубиша Георгиевски:** Добро.

Процедурално има збор пратеникот Лазар Китаноски.

**Лазар Китаноски:** Ве молам господине претседателе да констатирате што се случи. Вака еден неофицијален разговор не е никаков законодавен процес.

**Љубиша Георгиевски:** Значи да констатираме дека од таму слушнавме едно "за" од пратеник кој не беше присутен, тоа "за" е пречистено во бројот 55 "за", што значи дека објективно било 54 "за", а 11 биле "против".

Дали задоволува? (Да).

Нема никаков проблем, тоа е вистината и зошто да не ја констатираме. Немаме зошто да не констатираме вистини, ние сме и за тоа овде. Сега уште еднаш да констатираме дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика.

**Минуваме на точката 10 - Предлог за донесување на закон за меѓународни рестриктивни мерки, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните телам ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

(Укажување од повеќе пратеници дека системот не работи).

Ве молам, проверете што е со системот.

Процедурално има збор пратеникот Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Претходната точка, каде имаше и поединечно гласање, по наша проверка се утврди дека 10 пратеници кои беа присутни и кои гласале, тука се констатирани дека воопшто не гласале и се дојде до ситуација дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и другите немаат доволно пратеници за да се изгласа еден закон, но се испостави дека проблемот е со техниката. Тој проблем со техниката се провлекува не прв пат туку повеќе пати, кога делува дека овде има проблем со мнозинството за гласање на одреден закон. Ве молам, друг пат

системот да биде во функција онака како што треба да биде.

**Љубиша Георгиевски:** Инаку, за ваша информација да ви кажам дека со техниката имаме веќе воочени проблеми кои се повторуваат и имаме закажано посебен колегиум на кој ќе се разгледува прашањето комплетно, како и компјутерското прашање со кое имаме големи проблеми.

Сега давам пауза од 10 минути, која е потребна за рестартирање на компјутерскиот систем по барање на службите.

(Паузата започна во 12,42 часот)

(по паузата седницата продолжи со работа во 13,02 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

За збор процедурално се јави Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам господине претседателе,

Јас само сакам после паузата да кажам, бидејќи таа беше на некој начин изнудена. Сакам да не се создаде впечаток во јавноста дека имаше разногласие околу гласањето по однос на овој закон и некои шпекулации да се надминат. Дури некои од нашето овде опкружување не успеаа да бидат на листингот дека гласале за. Затоа сакам и јавно да демантирам дека во принцип се работело за одреден технички проблем кој не оди во правец на разединување внатре во мнозинството.

**Љубиша Георгиевски: Минуваме на точката 10-Предлог за донесување на закон за меѓународни рестриктивни мерки, со Предлог на закон**

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот заменик министер за надворешни работи Предраг Трпески.

**Предраг Трпески:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници,

Законот за воведување меѓународни рестриктивни мерки пред вас е поставен да се усвои по итна постапка бидејќи се работи за проект кој што е влезен во националната програма за усогласувањето на законодавството на Република Македонија со Европската Унија. Значи, тоа е еден од тие закони кои што сме обврзани да ги усвоиме. Инаку се работи за материја која што досега не беше регулирана со еден закон, беше дисперзирана во повеќе закони. Со овој закон треба да се каже дека е во согласност со надворешната одбрамбена и безбедносна политика на Европската Унија . Исто така се работи за проект кој што е во согласност со Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија. Така што Република Македони ја применува и праксата, значи со донесување на еден ваков закон на земјите членки на Европската Унија.

Со овој закон се уредува начинот на спроведување на мерката која е воведена од страна на Европската Унија со заедничка позиција на Советот на Унијата од ОН исто резолуција на Советот за безбедност, како со одлуки на меѓународни организации во кои членува Република Македонија во согласност со Меѓународното право. Постапката за спроведување на рестриктивните мерки согласно овој закон е следна. Владата на Република Македонија на предлог на Министерството за надворешни работи донесува одлука за спроведување на мерката во која особено се уредува надлежниот орган за спроведување на истата, начинот на спроведување на мерката предвидена со актот за нејзино поведување, исклучоци од мерката и начинот на меѓусебно информирање и соработка на субјектите кои имаат обврска да ја спроведат оваа мерка . Постојат неколку видови на рестриктивни мерки кои што се наведени во законот. Се работи за мал закон со 11 члена. Наброени се кои се тие видови рестриктивни мерки, тоа е ембарго на увоз, извоз на стоки и трансфер на технологија, ембарго на трговија со оружје и воена опрема како и давање техничка и финансиска помош во воена опрема и оружје, финансиски мерки кои се однесуваат на замрзнување на финансиските средства, имотот на правните и физички лица на кои се однесува мерката, забрана за влез и транзитирање низ територијата на Република Македонија на лица од други земји на кои се однесува рестриктивната мерка, како и целосно, или делумно прекинување на дипломатските односи, економските и финанските односи, на железничките, воздушните, поштенските и другите комуникации. Покрај државните органи овој закон предвидува дека може да се утврди обврска за спроведување на мерката од страна на правни и физички лица во Република Македонија во рамките на својата дејност, или во делот на делокругот на работата што ја вршат. Знаете дека одредбите на овој закон се однесуваат не само на странски физички и правни лица, туку и на физички и правни лица од Република Македонија. Да ве информирам и дека предложениот закон за меѓународни рестриктивни мерки е во согласност со правото на Европската Унија и со актите на ОН. Во подготовката на текстот беше вклучен експерт од Канцеларијата на Европската Унија, а за финалниот нацрт текст беше добиена позитивна оценка од страна на Европската комисија. Со донесувањето на законот за меѓународни рестриктивни мерки Република Македонија исполнува дел од обврските кои произлегуваат од мислењето на Европската комисија од ноември 2005 година и од Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2006 година.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на

Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за меѓународни рестриктивни мерки.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Констатирам дека во салата се присутни доволен број пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници гласале 56, за гласале 55 пратеници, воздржани нема, против еден.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, сите 62 пратеници гласале за.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 праетник, за гласале сите 61 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за меѓународни рестриктивни мерки.

**Минуваме на точката 11-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерски друштва, со предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерски друштва.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 51, воздржани 10, против нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на воаа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 52, воздржани 10, против нема.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 4 во новиот член 4-б став 2, член 16 и на член 17.

Отворам претрес по амандманот на член 4 во новиот член 4-б став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Скендер Палоши:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот се прифаќа.

Амандманот е прифатен од страна на Владата и според тоа станува составен дел од Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 16, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Скендер Палоши:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи Владата го прифаќа и овој амандман, амандманот станува составен дел од Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 17, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

**Љубиша Георгиевски:** Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Скендер Палоши:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи Владата го прифаќа овој амандман, амандманот станува составен дел од Законот.

Продолжуваме со претрес по текстот по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 52, воздржани 10, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерски друштва.

**Минуваме на точката 12. - Предлог на закон за безбедност во железничкиот сообраќај.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани за менување на насловот на членот 19, член 42 за менување на став 1 член 44 став 5, член 46 став 1, член 48 став 2, точка 4 и став 4. Член 49 став 2 точка 4 и став 5, член 63 став 2, член 67 став 3, член 69 став 2, член 70 став 2, член 80 алинеја 4, член 83 став 2, член 85 став 1, точки 1, 8, 30 и 35, член 86 став 1, точки 1, 4, 8, 23 и 24, член 87 став 1, во воведната реченица и на точка 4 и на член 88 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор.

За збор се јави заменик министерот за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам претседателе,

Почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата и почитувани колеги министри,

Со особено задоволство сакам да ве информирам дека Владата на Република Македонија во Програмата за работа за 2007 година, како еден од приоритетните закони го стави на усвојување на Законот за безбедност во железничкиот сообраќај. Како една од причините за донесување на нов закон за безбедност во железничкиот сообраќај претставува процесот на трансформација во железничкиот систем на Република Македонија, со кој се предвидува поделба на постојното јавно претпријатие "Македонски железници" на два нови субјекта. Односно субјект кој ќе управува со железничка инфраструктура и правен субјект кој ќе врши железнички превоз.

Имајќи ги предвид овие процеси 2005 година е донесен нов закон за железнички, а на 21.02. 2007 година Собранието ги усвои измените на овој закон, со кој се регулира организацијата на железничкиот систем и статусот на железничката инфраструктура.

Заради ваквите состојби се налага потреба од донесување на нов закон за безбедност во железничкиот сообраќај, со кој целосно се пропишуваат условите кои треба да ги исполнуваат правните субјекти и други лица, учесници во извршувањето на железничкиот сообраќај. До сега безбедноста на железничкиот сообраќај беше регулирана со Законот за македонски железници од 1998 година и со повеќе подзаконски акти, правилници, упатства и слично со кои подетално се регулираат одделни прашања сврзани со безбедноста во железничкиот сообраќај.

Целта на решенијата предложени во Предлогот на законот е пред се, обезбедување на потребно ниво на безбедност во железничкиот сообраќај кај сите учесници, согласно техничко-технолошкиот систем преку изработка на заеднички безбедносни показатели и методи и цели кои како овозможување на натамошниот развој и зголемување на безбедноста на железничкиот с-обраќај, на што укажуваат препораките и правната регулатива на Европска унија, со кои се регулира оваа материја.

Со предложените законски решенија целосно се пропишуваат условите што треба да ги исполнуваат железничките работници, кои учествуваат во вршење на железничкиот сообраќај. И тоа, како во поглед на стручната способност, здравствената способност, работното време, траењето на смена и одмор меѓу две последователни смени и сл.

Имено, со решенијата предвидени во Предлогот на законот децидно се пропишани условите под кои определено лице може да се стекне со дозвола за регулирање на железничкиот сообраќај, односно со дозвола за управување со железничко влезно возило.

Со цел да се има увид во случените вонредни настани во железничкиот сообраќај, согласно решенијата од Предлогот на законот, правните и други лица кои вршат железнички сообраќај должни се да водат евиденција за вонредните настани, како и за други појави битни за безбедноста и континуирано да го известуваат Министерството за транспорт и врски. Заради обезбедување на безбеден и непречен железнички сообраќај, со Предлогот на законот пропишани се должностите и одговорностите на железничките работници кои непосредно учествуваат во вршењето на железничкиот сообраќај, како и условите и случаите под кои на железнички работник привремено може да му се забрани вршење на одредени работи и задачи, односно случаите во кои овластен работник има право привремено да исклучи железнички работник од работното место.

Заради обезбедување на поголема сигурност и безбедност во извршувањето на железничкиот сообраќај, во Главата прекршочни одредби, во зависност од тежината на прекршокот за непридржување кон одредбите на законот, или нивно неприменување, предвидени се прекршочни санкции за правните лица. За одговорното лице во правното лице и за физички лица.

Висината за сторените прекршоци е усогласена и во рамките на предвидениот минимум и максимум определен со Законот за прекршоци.

Во предлогот на законот имплементирана е директивата 2004 49 ЕЗ, тн., дирктива за безбедност на железниците. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги, дозволете ќе се обидам во што пократок рок да го искажам нашето мислење по однос на Предлогот на законот кој што е доставен од страна на

Министерството за транспорт и врски, односно Владата на Република Македонија.

Значи, овој материјал, овој текст го разгледувавме и на матичната комисија. Се разви обемна дискусија во која се заседоа одредени ставови и би сакал да ја искористам оваа ситуација на почитуваните колеги пратеници и на јавноста да им ги соопштам нашите размислувања.

Несомнено е дека потребата од донесување на ваков закон е евидентна, заради усогласување со Европската легислатива во придружниот документ, табеларен преглед на законот стојат усогласеноста на одредбите на Европска унија мерките со предлог на прописот. Очигледно е дека се направени исклучителни напори да се усогласат нормативно-правните решенија содржани во претходниот закон за Македонски железници од кои што одредбите што се однесуваат на безбедноста на железничкиот сообраќај се вадат условно кажано од тој закон, се бришат и се внесуваат во нов закон, како што налагаа прописите од Европска унија.

Ако внимателно се читаат решенијата ќе се види дека е квалитетно изработен текстот и она за кое што ние споревме и онаа теза која што сакав јас денеска на денешната собраниска седница да ја елаборирам, се преодните и завршните одредби.

Имено, решенијата кои што се дефинирани во Предлог законот налагаат одредени обврски, кои што Република Македонија, односно Министерството за транспорт и врски, како имплементатор на обврските е должно да ги спроведува со одредена динамика, односно временски рок. Тие се соддржани во Глава 8, во членовите 89, 90, 91, 92 и 93, во кои што се преземаат одредени обврски со одредена динамика.

Сметаме дека Република Македонија гледано од аспект на сегашните реални состојби во инфраструктурата на железничкиот сообраќај во постојната железничка мрежа, постојната состојба со техничката исправност на машинскиот парк, значи, возовите, локомотивите, постоечката сигнализација, постоечката пратечка инфраструктура, која што ја регулира безбедноста на сообраќајот во сегашниот момент не дава оптимистички показатели дека Република Македонија како имплементатор на овој закон ќе успее да ја спроведе зацртаната динамика.

Би сакале да го елаборираме тој наш став и пошироко, да не се доведеме во ситуација кога ќе се дојде до временскиот теснец за имплементација на одредените законски решенија, Законот повторно да се одложува во тој дел.

Во поглед на обврските кои што се однесуваат на условите вградени во европската легислатива во поглед на услови кои што треба инфраструктурата, односно железничката пруга со стручна терминологија која што е наведена во Законот да нема вкрстување со автопат, или магистрален пат.

Во Република Македонија, за жал, постојат реално такви состојби и беа наведени примерите на регионален пат Прилеп, Македонски Брод, и уште подрастично на регионалниот пат Штип Велес. Во кој што имате вкрстување со железницата, исклучително опасни места во кој што постои одредена сигнализација која што во претходниот период се покажала како недокрај ефикасна, со оглед на лошото односно горкото искуство со несреќите кои што биле предизвикани во тој дел. Тоа е само како пример.

Во делот на мониторирањето е најголемата слабост која што е воочена. Имено, во големиот дел на Европски земји, каде што овој закон е имплементиран постои висок степен на развиеност на мониторинг системот на централизираност во кој што може автоматски, или полуавтоматски да се регулираат сигналните уреди кои што ја регулираат безбедноста на железничкиот сообраќај. Како е кај нас? Најразвиената делница е Југ-Север, во кој што имаме висок степен на електрификација и досега задолжени за регулирање, односно одржување на таа инфраструктура беа македонски железници. Заради субјективни или објективни околности на поголем временски период на слабо инвестирање од страна на државата во инфраструктурата, посебно во делот на уредите за регулирање на безбедноста на сообраќајот не постои соодветен мониторинг барем на таа делница. Постојат значи, полуавтоматски, поточно мануелни механизми за контрола со помош на радиосигнал на одделни делници на најразвиената инфраструктура Гевгелија-Табановце, што се покажало како недокрај проверен систем, систем кој што е исфрлен кај европските држави кај кој што е имплементиран овој законски дел.

Значи, се поставува прашањето ако во најразвиената делница на постоечката инфраструктура не постои ни полуавтоматски мониторинг или за регулирање на сигналните уреди со кој што ќе се гарантира безбедноста на меѓународнот железнички сообраќај, бидејќи на таа фрекфенција е меѓународниот железнички сообраќај, тогаш отворено е прашањето на развивање на соодветна стратегија за градење на еден посеопфатен систем на инфраструктурата на територијата на цела држава. Знам дека и во Законот за Македонски железници постојат повеќе дилеми и беа отворени тие прашања, на тие прашања ни тогаш немаше одговор. Значи, можеме да заклучиме дека ние сме експерти да вградиме и да направиме добар законски текст, а кога ќе дојде до имплементација земаме обврски за кои што реално во моментот немаме ниту економска моќ, ниту капацитети, а се поставува прашањето во догледна иднина на каков начин ќе ги изградиме тие капацитети. Тоа е моето суштинско прашање и забелешка ко ја што е поврзана со преодните одредби. Значи, отворено е прашањето дали Министерството за транспорт и врски ќе биде имплементатор, или ќе ги преземе обврските кои што се зацртани во

преодните одредби. Дали тоа ќе биде со одделение, сектор, или ќе биде административно зајакнат тој дел во Министерството за транспорт и врски. Дали и натаму ќе им се даде, како што е во Законот, значи одржувач да биде, да го користам правилниот термин кој што е дефиниран, управител на инфраструктура, кој што во моментот, дефакто, претставува Македонски железници, но не мора да е тоа така, бидејќи и во Законот за македонски железници, каде што е дефинирано кој е управител на инфраструктурата, може да биде и приватен субјект, односно давање од страна на Република Македонија под концесија. И тоа е јасно. Но, не е до крај јасно дали постои еден акционен план разработен од страна на Министерството кој што ќе биде пратечки документ за разработка на сите овие обврски до 2009 година, 2010 година, 2011 година, кога треба да заврши целата операција ги имплементираме сукцесиво законските одредби кои што се дефинирани во овој добар текст. Да поставам примери, да не излезе дека теоретски зобрувам, претпоставувам дека треба да се разработи катастар на клучните црни точки каде што се вкрстосуваат сообраќајните патишта, сувоземните патишта, со железницата, начинот на регулирање, или зголемување на нивото на степенот на безбедноста. Претпоставувам дека треба да се изработи катастар на друга придружна инсталација, гасоводи, електроводи, водоводи, канализациони мрежи, кои што не треба да бидат вкрстосувани, или приближни до еден појас дефиниран во законот. Моите информации кажуваат дека постојат такви податоци разра ботени и во бивша Југославија, кога постоеше еден глобален систем на Југословенска железница. Претпоставувам дека Македонски железници имаат еден соодветен таков документ. Значи, прашањето е дали е изграден некој партнерски однос со сегашниот одржувач на инфраструктурата и дали во иднина ќе им биде преотстапено тие да ги прават овие припреми до 2009 година, или тоа го презема Министерството за транспорт и врски. Мислам дека сум јасен во прашањата. Дали ако е тоа така, значи постојат неколку варијанти, дали самото министерство ќе си го имплементира овој зацртан динамички план до 2009 година со сите оние неопходни припреми. Дали тоа ќе го прави заедно со Македонски железници, ќе се користи можноста да се даде концесионерство, а тоа треба брзо да се направи, за концесионерот до 2009 да одговори на овие потреби, или ќе се остави како сегашните состојби, јавното претпријатие Македонски железници, да го врши тој дел.

Мислам дека бев јасен во дилемите кои се. Јас го поздравувам самиот текст, особено делот каде што се допрецизираат компетенциите и стручната наобразба на луѓето кои ќе ги обавуваат стручните активности поврзани со безбедноста и регулирање на безбедноста во железничкиот сообраќај и добро е што специфизираат дека треба да имаат техичка наобразба, затоа што навистина во ова високо паритизирано или политизирано општество сме претерале во тој дел на политизација при вработување и во оние области каде што стручноста и компетентноста треба да дојдат до израз и приоритет.

Јас би бил благодарен доколку претставниците од Владата, заменик министерот појасни и даде некои одговори на овие дилеми кои што се јавуваат. Знам дека немаат директна врска со самиот закон, но заради јавноста или заради докомплетирање на комплетната слика која што би била со овој Предлог на закон, би било добро да го слушнеме тоа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин заменик министер за транспорт и врски, господин Палоши.

**Скендер Палоши:** Благодарам претседателе.

Мене ми е драго што од пратеникот Тале Герамитчиоски да чујам пофални зборови дека законот е квалитетно изработен. Колку за дообјаснување на некои негови дилеми, ќе кажам дека во рамките на Министерството за транспорт и врски веќе е оформен секторот за железнички сообраќај, кој во наредниот период треба да се зајакне со кадровски капацитети. На тоа се работи и мислиме дека до крајот на годината тој сектор ќе биде зајакнат заедно со службите кои веќе по делењето на Македонски железници, ќе преминат во инфраструктурниот во сообраќајниот дел, заедно со кадрите во делот на Министерството и управителот на ифраструктурата, ќе продолжат понатаму за специфичните и професионалните работи, за кои господинот Тале Герамитчиоски постави прашања. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван претседателе, почитуван заменик министре, почитувани колеги пратеници.

Последен пат за законот за безбедност на железничкиот сообраќај зборувавме во ноември во 2005 година кога го усвоивме предлогот за донесување на овој закон и тогаш беа дадени поголем број на забелешки и мислења, кои што, морам да признам голем дел од нив се вградени во овој закон. И јас го делам мислењето дека се работи за еден добар закон за кој што времето ќе покаже дали ќе може да се имплементира во Република Македонија. Се надевам дека тоа ќе биде така.

Што се однесува до железничкиот сообраќај Република Македонија има 130 годишна традиција, што значи големо искуство. На почетокот би сакал да кажам пофални зборови за предлагачот односно да ка жам дека законот е добро подготвен и сите технички норми кои што важат во земјите членки во Европската унија се испочитувани односно повеќе одредби од европските директиви се вградени во овој закон. Едноставно, преведено овој закон има техничка, европска редакција. Во право се, исто така, сите

оние кои што велат дека со имплементација на овој закон, ќе се уредат условите за безбедно, уредно и непречено одвивање на железничкиот сообраќај во Република Македонија. Јас, како и Комисијата за транспорт и врски ќе речам дека ова е само првиот дел од оваа важна работа. Овој закон можеме да го сметаме за целосен само тогаш откако ќе се донесат сите други подзаконски акти, кои што ги има 30-на на број и за кој предлагачот вели ќе ги донесе за 6 месеци, за што јас повторно од оваа говорница и ја искажувам мојата резерва, која што ја искажав и на Комисијата. Бидејќи законите за железници ретко се менуваат, се менуваат на секои 20 или 30 години, тоа се закони кои што се разликуваат од сите други закони земени кои што ги изработува или ги подготвува Министерството за транспорт и врски. Мора да признам дека ме радува носењето на овој закон, заради тоа што навистина се надевав дека добар дел од проблемите кои што ги има во овој момент Македонската железница ќе се решат, а воедно ќе се зголеми безбедноста во железничкиот сообраќај, а со тоа Република Македонија уште еднаш ќе покаже дека ја почитува и најновата препорака на Европската комисија која ја изработи во вид на стратегија и ја достави до земјите членки на Европската унија дека со оваа стратегија сметаат дека ќе ја зголемат безбедноста во железничкиот сообраќај за 20% во период од 2007 до 2012 година. Со овој закон исто така Република Македонија ќе покаже дека сака да изврши усогласување на нашето со европското законодавство. Но, колкаво ќе биде тоа, дали ќе биде делумно, половично или целовито, ќе зависи, како што веќе реков, од носење на подзаконските акти кои се 30-на на број и се надевам дека Министерството за транспорт и врски ќе си го испочитува рокот кој што самиот си го зададе и дека тие ќе бидат готови за во наредните 6 месеци. Истовремено, мора да признам дека очекував предлагачот збор, два или да расчисти некои дилеми кои ги отворивме, а не се така мали, би рекол крупни дилеми и фрлаат можеби сенка на овој закон, заради тоа што во право се сите оние кои што велат добар закон е оној закон кој што ќе може да се имплементира, а не само да се направи односно да се напише.

Имено, дали се знае колку средства има издвоено од Буџетот за имплементација на овој закон.

Втората дилема која што мислам дека треба да се размисли или да се опфати е дали долгата имплементација на овој закон, поради немање на финансиски средства ќе значи рамноправно следење на оваа облас со останатите земји од регионот.

Третата дилема е дали долготрајната имплементација на овој закон ќе влијае и на безбедноста во железничкиот сообраќај во Република Македонија. Да не ни се случи да имаме нов закон, но патните премини, како што зборуваше и колегата Тале Герамитчиоски, патните премини, возилата и сигнализацијата да ни останат по старо. Жалосно е, меѓутоа уште пожалосно е ако не спомнам дека само во Скопје во минатата година имавме повеќе човечки жртви на годишно ниво само на еден железнички премин. Иако, сите знаеме дека и досега се правеа обиди да се преуредат патните премини низ државата за кои што се потребни милионски суми, јас за жал, не видов во Буџетот за 2007 година дека има предвидно средства за оваа намена.

На крај, една нова дилема, дали ќе може предлагачот во име на Република Македонија компетентно да разговараат со колегите на земјите членки на Европската унија, имајќи предвид членовите 89, 90, 91 и 92.

Почитувани колеги пратеници, член 89 вели дека 2009 година е година на заеднички показатели. Член 90 вели дека 2010 година е прва референтна година за безбедностните методи. Член 91 вели дека 2011 година е година на заеднички безбедности цели. А во член 92 пак се вели дека најдоцна до 2010 година железничките пруги, нивните делови, вклучувајќи ги postројките и уредите и објектите, железничките возила и друго ќе се усогласат со одредбите на овој закон. Значи, ќе се усогласат до 2010 година.

За да ја појанам работата во која што се наоѓа железницата и овие датуми односно години кои што прават голема забуна, не само кај колегите пратеници, туку кај сите оние кои што ќе имаат или се заинтересирани за носење на овој закон, ќе ми дозволите моево обраќање да го завршам со цититирање на членовите 28 и 29.

Членот 28 се однесува за опременоста на службените места со сигнално односно сигурности уреди. Во став 1 од овој член се вели дека заради обезбедување безбеден и непречен сообраќај, сообраќајните места од кои се врши управување и регулирање на железничкиот сообраќај, зависно од максимално дозволената брзина на движење на возивите мора да бидат опремени со сигнално-сигурносни уреди и тука се набројуваат брзините од 50 до 50 километри, до 100 километри, за нас 100 километри ќе почекаме малку во Република Македонија и нема да коментирам. А, во член 29 во став 1 дека железничките станици и другите службени места на железничката пруга каде се регулира железничкиот сообраќај, мора да има пропишани простории, направи и опрема, перони, како и други уреди што овозможуваат безбедно управување со железничкиот сообраќја. Додека во став 2, просториите и местата за примање, сместување и испраќање на патници, багажи и пратки во железничкиот сообраќај, мора да бидат осветлени, затоплени и снабдени со соодветни уреди, постројки и опрема што се потребни за безбедност на патниците и безбедно вршење на работите на тие места. Доколку пак погледнеме и на ставот 3, ќе видиме дека работите ни малку не се едноставни во оваа сфера за која што денес дискутираме односно ја опфаќа овој денешен закон.

Се надевам дека Владата на Република Македонија, Министерството за финансии ќе изнајдат финансиски средства за подобрување на состојбата во Македонските железници со што ќе се зголеми безбедноста во железничкиот сообраќај, а се надевам дека Министерството за транспот и врски ќе направи силни напори овој закон час поскоро заживее односно се имплементира во Република Македонија, а прв чекор во тоа е да го зголеми кадровскиот капацитет во Министерството определено да ја регулира оваа материја. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави Катерина Димеска.

Дали имате можност до паузата да го завршите зборот или не?

**Катерина Димеска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Министерството.

Јас би сакала да се надоврзам на претходните двајца дискутанти, на предлог законот кој што денес го имаме на дневен ред пред нас и би сакала да кажам и јас, како и претходните дискутанти, дека имаме едно солидно законско решение на предлог на закон. Со оглед на состојбите на Македонски железници, во кои што се наоѓаат денес, повеќе од неопходно ни е донесување на едно вакво законско решение, а со оглед и на препораките од Директивата од 2004, која што се сотои од 35 члена и 5 анекси. Во предложениот текст на законот денес имаме приложено и коренсподентна табела за усогласување на одредбите на ЕУ-мерките со предлог на прописот.

Инаку, би сакала да кажам два, три збор што се однесува на дискусијата и завршните одредби на предлот законот, кој што се опфатени во членовите 89, 90 и 91. Со оглед на амбициозноста и работењето на Владата, јас би можела да кажам дека кај мене лично не се јавува сомнеж околу реализација и имплементација на предлог на законот и законските рокови кои што се пропишани во овие членови и со оглед на тоа како тековно Владата ја реализира програмата за 2007 година.

Јас на крај би завршила со едно воодушевување за едно вакво законско решение и би завршила со пофални зборови за изготвувачите на законот, затоа што рековме дека денес пред нас имаме законски проект кој што е со несомнено добар квалитет. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Молам, службите да дадат точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои се уште не си ги зазеле своите места во салата, да влезат во салата и да си ги заземат своите места, затоа што ќе гласаме.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Давам пауза од еден час и специјално се заблагодарувам на оние пратеници кои не дојдоа да ни помогнат да разрешиме една ситуација корисна задржавата.

Во 15,00 часот продолжуваме со работа.

(Пауза до 15,00 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,08 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземант своите места за да пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Слубите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Бидејќи во салата нема доволен број на присутни пратеници, деловнички рокот за одолговлечување помина, тука ја прекинувам денешната седница.

Продолжуваме со работа утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 15,31 часот)